Врз основа на член 34 став 3 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр 158/2010), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на 20.09.2011 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за утврдување на висината на минимум бруто приход за задолжени даватели**

**Предмет**
**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на минимум бруто приход кој го остваруваат давателите на поштенски услуги потребна за стекнување статус на задолжен давател кој подлежи на обврската за плаќање средства во компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга.

**Минимум бруто приход**
**Член 2**

Давател на поштенски услуги, кој на годишно ниво остварува бруто приход во висина од минимум 6.000.000,00 денари е задолжен давател кој подлежи на обврската за плаќање средства во компензацискиот фонд основан за финансирање на универзалната услуга во Република Македонија.

**Статус на задолжен давател**
**Член 3**

За стекнувањето статус на задолжен давател во смисла на членот 2 од оваа Одлука, директорот на Агенцијата за пошти (во натамошниот текст: Агенцијата) го известува давателот на поштенски услуги, најдоцна до 30 мај секоја година.

Задолжениот давател подлежи на обврската за плаќање во компензациски фонд во годината во која Агенцијата на давателот на универзална услуга му го утврдила правото и висината на надоместок на нето трошоци за обезбедување на универзална услуга на начин и во постапка уредени со Законот за поштенските услуги.

**Плаќање во компензациски фонд**
**Член 4**

Износот кој задолжениот давател е должен да го плати во компензацискиот фонд го пресметува Агенцијата за пошти во согласност со Законот за поштенските услуги и оваа Одлука.

Агенцијата го пресметува износот од став 1 на овој член врз основа на добиени податоци за остварените приходи во претходната година од обезбедување на поштенските услуги од секој задолжен давател.

Задолжениот давател е должен да плати на посебна жиро сметка на компензацискиот фонд во рок од 15 дена по добивање на фактура од страна на Агенцијата.

**Член 5**

За определување на износот на средствата од член 4 став 1 од овој Правилник, задолжените даватели се поделени во 3 (три) категории во зависност од висината на вкупниот приход што го остваруваат со обезбедување на поштенски услуги на годишно ниво. На задолжениот давател, Агенцијата му го пресметува износот за плаќање во компензацискиот фонд во висина на процентуалниот износ од приходот од поштенски услуги во зависност од категоријата во која што припаѓа, според следната табела:

| Категорија | Вкупен приход од поштенски услуги (денари) | Процентуален износ |
|---|---|---|
| I | до 600.000,00 | 2,1% |
| II | од 600.000,00 до 1.000.000,00 | 3,1% |
| III | Повеќе од 1.000.000,00 | 4% |

**Преодни и завршни одредби**
**Член 6**

Со стапување на сила на оваа Одлука, престанува да важи Правилникот за утврдување на средства за надоместување на реалните трошоци за обезбедување на универзална поштенска услуга бр.09-256/5 од 30.09.2010 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-154/5
20.09.2011 година

Агенција за пошти
Комисија
Љупчо Мешков, претседател, с.р.